**АКАДЕМИЈА**
**за обука на судии и јавни обвинители**
**и нивни заменици на Република Македонија**

# *П Р Е Д Л О Г  П Р О Г Р А М А*

## *за работа на Академијата за обука на судии и јавни обвинители за 2008 година*

***Скопје, февруари 2008***

**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**АКАДЕМИЈА ЗА ОБУКА НА**
**СУДИИ И ЈАВНИ ОБВИНИТЕЛИ**

**Бр. _________________**

**_______________ 2008 год.**
**С К О П Ј Е**

Врз основа на член 9 став 1 точка 16, а врз основа на член 18 став 1 точка 4 од Законот за Академија за обука на судии и јавни обвинители („Службен весник на РМ“ бр. 13/06) и врз основа на чл. 52, 53, 54 и 56 од Статутот на Академијата за обука на судии и јавни обвинители („Службен весник на РМ“ бр. 99/06), на предлог на директорот на Академијата, Управниот одбор на Академијата, на ден 28.2.2008 година, донесе

# *П Р О Г Р А М А*

## *за работа на Академијата за обука на судии и јавни обвинители за 2008 година*

## *ОПШТИ НАПОМЕНИ*

Во согласност со член 18, ст.1 алинеја 4 од Законот за Академија за обука на судии и јавни обвинители („Службен весник на Република Македонија”, бр. 13/2006), Директорот на Академијата ја изготви и ја поднесува на разгледување и утврдување на Управниот одбор на Академијата оваа Предлог Програма за работата на Академијата за обука на судии и јавни обвинители за 2008 година.

Согласно Законот за Академија за обука на судии и јавни обвинители на Република Македонија, Академијата спроведува почетна обука на кандидати за судии и обвинители и постојано стручно усовршување на судиите и обвинителите. Во рамките на општите и посебните специјализирани програми, Академијата, спроведува едукација и за новоизбрани судии и новоименувани јавни обвинители, за стручни соработници во судовите и јавните обвинителства, државните службеници од Министерство за правда кои вршат работи од областа на правосудството и обука на едукатори.

Заради остварување на овие цели, Академијата за обука на судии и јавни обвинители, во соработка со релевантните институции од правосудството на Република Македонија, предвидени во Законот за Академија, спроведува стратегија со која за прв пат во Република Македонија, беше создаден објективен систем насочен кон амортизирање на политичкото влијание при првиот избор на судиите и јавните обвинители, заснован на прецизни и мерливи критериуми како и воведување на задолжително, институционално, финансирано од буџетот, постојано стручно усовршување на сите целни групи од правосудството. Реализацијата на оваа стратегија директно се имплементираше преку континуирано спроведување на општите и специјализираните програми за обука со што ќе се зајакнува ефикасноста и независноста на судиите и ЈО. При креирањето на основните принципи на стратегијата на работењето на Академијата земени се во предвид меѓународните стандарди на современите и со богата традиција тренинг институции во соседството и Европа,

принципите содржани во документите на Совет на Европа ( на КСЕС- Мислењата 4 и 9, документите и актите усвоени од Лисабонската мрежа за соработка меѓу тренинг институциите во рамките на Советот на Европа, како и документите на ЕУ а особено на EJTH –Европската мрежа за судска обука.

Во текот на 2007 година Академијата ги оствари сите активности предвидени со Програмата за работа за 2007 година како и други дополнителни активности за кои се укажа можност а кои беа од исклучително значење за афирмирање на Академијата и тоа како на планот на почетната и континуираната обука така и во делот на меѓународната соработка.

Секако, и во наредната година Академијата ќе настојува да ги следи сите трендови на меѓународен план во организирањето на почетната и контиунуирана обука и на градење на капацитетите на една ваква специјализирана институција.

Од особено битно значење е Извештајот на Европската Комисија за напредокот на Република Македонија за 2007 година каде профункционирањето и работата на Академијата за обука на судии и јавни обвинители на Република Македонија е оценета како **успешно реализиран приоритет** на Република Македонија во насока исполнување на политичките критериуми за приближување и членство на Република Македонија во Европската Унија.

Со оглед на приоритетите на РМ како кандидат држава за влез во ЕУ, Академијата ќе настојува да се изгради како институција која ќе ги гради своите човечки, просторни и капацитети за обука кои ќе овозможат исполнување на законските обврски предвидени во Законот за Академија, ќе продолжи со обуки во почетната и контиунуираната обука на теми кои ќе придонесат за зајакнување на независно, непристрасно, ефикасно вршење на судско обвинителската професија во согласност со мегународните стандарди за фер судење и создавање на нов профил на судии и јавни обвинители кои ќе бидат обучени да го приеменуваат во секојдневната пракса правото на ЕУ.

## *ЧОВЕЧКИ РЕСУРСИ*

За успешно, професионално а со тоа и ефикасно извршување на својата дејност Академијата мора да располага пред се со професионално обучени и доволен број на вработени. Во 2007 година реализирани се 4 вработувања, што значи во овој момент во Академијата има вкупно 8 државни службеници. Освен вработени во редовен работен однос, во Академијата ангажирани се и 5 лица на договор за дело. Предвидено е во 2008 година со привремените вработувања да се реши нивниот статус бидејќи вработувањето со договор за дело во Академијата мора да се надмине. Согласно НПАА, за 2008 година предвидени се 5 нови вработувања, но Академијата побара бројот на вработувања да биде зголемен на 11 вработувања, а заради институционалното зајакнување, кадровско екипирање и јакнење на административните капацитети на Академијата. Имено, Почетната обука на  кандидатите за судии и јавни обвинители претставува обемен, одговорен и сложен процес кој за прв пат се одвива во Република Македонија. Воедно, истата е под постојан меѓународен мониторинг и евалуација, со оглед на вклученоста на ЕУ во изградба на капацитетите на Академијата преку проектот КАРДС 2004 бара огромен труд, ангажман, посветеност на целиот управувачки тим на Академијата, но и на сите вработени. Паралелно со исполнување на обврските во врска со почетната обука, вработените во Академијата истовремено

работат на реализирање на активностите за имплементација на Програмата за континуирана обука на судиите и јавните обвинители. Заради исполнување на законските часови на судиите и јавните обвинители за обука а со цел обуката да се спроведе со што помалку трошоци и спречување судиите и обвинителите да не го занемарат извршувањето на своите редовни работни обврски т.е. да не дојде до непотребно одложување на судските рочишта, како неминовно се наметна одржување на речиси секојдневни обуки во Академијата, како и во трите Апелациони подрачја (во судските сали на Апелационите судови Скопје, Битола и Штип), како и секојдневно патување и непрекинато присуство на вработено лице од Академијата на обуките заради давање на логистичко-техничка подршка и помош. Исто така треба да се има предвид дека покрај обврската за организирање на постојано стручно усовршување на судиите и јавните обвинители, Академијата има обврска за обука и на други целни групи, како: стручните соработници и админитрацијата во судовите и обвинителствата, но и судии и администрација на новоформираните Управен суд на Република Македонија и Апелациониот суд во Гостивар. Од друга страна многу е значајно навреме да се одговори на обврските кои произлегуваат од меѓународната соработка и исполнување на превземените обврски од членството или партнерството со одделните меѓународни мрежи за едукација, организирање на обуки на предлог на странски донатори, испраќање на национални судии и обвинители на студиски патувања, кое бара постојан ангажман на вработен со одлично познавање на англиски јазик заради одржување на меѓународната комуникација а се со цел Академијата кај меѓународните институции да остави слика на сериозна, професионална и модерна институција која е отворена за соработка и размена на искуства. Потреба од доекипирање се јави и во поглед на преведувањето пред се на странски материјали кои Академијата секојдневно ги користи во своето работење како и при одржување на обуките каде се почесто како едукатори се ангажираат странски експерти. Со решавањето на ова прашање значително би се придонело за намалување на трошоците за овие услуги кои се високо наплатувани во РМ. Слична ситуација имаме и во Одделението за материјално – финансиско работење каде моментално работи само едно лице по Договор за дело и во Одделението за информатика каде работи 1 лице а реално е невозможно истото самостојно да ја води целокупната евиденција за едукатори, ментори, кандидати и за бројот на остварени часови на сите судии, јавни обвинители, стручни соработници од судовите и јавните обвинителства како и на административните службеници. Сеуште е без вработен библиотеката на Академијата како и архивата а кои е неизбежно што поскоро да профункционираат под водство на одговорно лице. Согласно политиката за вработувањата предвидена во НПАА, за Академијата е предвидено вкупно 27 вработувања до 2010 година, во 2008 година - 5 вработувања, во 2009 - 5 вработувања, а во 2010 година предвидени се 10 вработувања.

Институционална изградба на Академијата е возможна ако се пристапи кон измена на НПАА и нејзино прилагодување со потребите на Академијата. За таа цел, Академијата поднесе предлог за измена на НПАА така што за предложи за 2008 година наместо 5, да се предвидат 11 нови вработувања, со тоа што бројот на вработените за наредните години пропорционално да се планира до крајот на 2010.

Имено, Академијата во 2008 година има потреба од следниве работни места:

2 места - соработник (правник)
2 места - советник (правник)
1 место – помлад соработник (економист)
1 место – соработник (информатичар)

1 место – виш соработник (библиотекар)
1 место – преведувач
1место – архивар
1место - возач
1 место - административно-технички работник

## - Обука на човечките ресурси -

Со оглед дека една од компонентите за јакнење на капацитетите на Академијата е обука и специјализација на менаџерската и стручна служба и во текот на 2008 година вработените од овие два служби ќе бидат вклучени во соодветни обуки.

Присуството на експертот за буџетирање на Проектот КАРДС 2004 доведе до формирање на Буџетска комисија, која изготви буџетска стратегија со стратешко планирање на буџетот по одделенија, заради утврдување на целите и потребите на секое одделение, како и заради поефикасно планирање на активностите за период од три години. Нужноста од буџетско планирање и изградба на буџетска стратегија бара и соодветни обуки, пред се заради ефикасно работење на Академијата.

Исто така, вработените во Академијата како нова институција имаат потреба и од стратешко планирање, управување со човечки ресурси и други обуки за јакнење на способностите за развој и одржливост на институцијата согласно меѓународните стандарди.

Приоритет на Академијата се следните обуки:

1. Обуки за менаџерските структури на Академијата:
   - Стратешко планирање
   - Менаџирање со буџетот
   - Човечки ресурси
   - Способности за развој и одржливост на институцијата согласно меѓунродните стандарди

2. Други обуки за вработените во Академијата
   - Компјутери – Excel
   - Странски јазици
   - Ефикасност во работењето, тимска работа

Од витално значење за градење на капацитетите и одржливоста на институцијата неопходно е потребно менаџерскиот тим (директорот и извршниот директор и раководителите на одделенијата), да добијат обука за стратешко планирање како резултат на што ќе се изготви Стратешки план за функционирање на Академијата за нареден 4-5 годишен период. Во тек се подготовките за остварување на таква обука.

# *ПОЧЕТНА ОБУКА*

## - Цели на почетната обука -

Целта на почетната обука како на теоретскиот така и на практичниот дел е кандидатите да се стекнат со основните способности и вештини за:

- ефикасно, независно и непристрасно одлучување;
- употреба на јасен, разбирлив јазик во процесните акти;
- подготвеност за примена на европската димензија на правото;
- отвореност спрема компаративните искуства и соработка;
- плуралистичко сфаќање на социјалната средина и мултикултурноста на општеството во кое ќе ги донесуваат одлуките.

## - Реализација и идни планови -

Во 2007 година Академијата за обука на судии и јавни обвинители ја започна за прв пат во РМ обуката на првата генерација на идни судии и јавни обвинители на 17 септември 2007 и во истата се одржаа вкупно 659 часови во рамките на редовната настава и 99 часови во рамиките на дополнителната настава во кои беа вклучени 7 домашни и 20 странски експерти, а воедно учесниците беа вклучени и во обуката на Твининг програмата за борба против organзириан криминал. На 15 февруари 2008 заврши теоретската настава а од 25 февруари 2008 година започнува практичниот дел на обуката под водство на менторите - судии и јавни обвинители во судовите и обвинителствата, при што од страна на Управниот одбор на Академијата е утврдена листа од вкупно 70 ментори и 19 заменици. Практичната обука ќе трае 10 месеци со тоа што последниот (десеттиот) месец кој го опфаќа периодот од **17.11.2008 година до 12.12.2008 година,** кандидатите ќе се подготвуваат во Академијата за полагање и ќе го полагаат завршниот испит. Програмата за практична обука ќе се остварува во два дела и тоа: Практична обука по кривично право и Практична обука по граѓанско право. Усвоени се и подзаконските акти поребни за реализација на практичната обука и тоа Правилникот за практична обука (објавен во Сл.весник на РМ бр.5 од 11.1.2008 година) и Програмата за практична обука.

**ПРАКТИЧНАТА ОБУКА ПО КРИВИЧНО ПРАВО која опфаќа:**

1. Предистражна постапка
2. Истражна постапка
3. Обвинување и главен претрес
4. Постапка по правни лекови
5. Постапка спрема малолетници
6. Прекршочна постапка
7. Извршување на санкции

**ПРАКТИЧНАТА ОБУКА ПО ГРАЃАНСКО ПРАВО која опфаќа:**

8. Граѓанска процесна постапка
9. Постапка по работни спорови
10. Постапка по стопански спорови
11. Стечајна постапка
12. Вонпроцесна постапка
13. Постапка за обезбедување и постапка за извршување
14. Постапка по правни лекови

Практичната обука учесниците ќе ја реализираат во основните судови и тоа: 10 недели во одделите од кривична област (1 недела практична обука од истражна постапка, 6 недели практична обука на кривични предмети, 1 недела практична обука од прекршочна и извршување на санкции, 1 недела практична обука за постапка за малолетници, 1 недела во Установи предвидени во чл. 31 од Правилникот за текот и начинот на одвивање на практичнот дел од почетната обука, правата и обврските на учесниците за судии и јавни обвинители и менторите, а по избор на менторскиот тим) и 10 недели во одделите од граѓанска област (6 недели недела практична обука на граѓански предмети од кои 1 недела на работни спорови, 1 недела практична обука за вонпроцесна, извршна постапка и постапка за обезбедување на побарувањата, 1 недела практична обука за стопански спорови, 1 недела практична обука за постапка за стечај, 1 недела во Установи предвидени во чл. 32 од Правилникот за текот и начинот на одвивање на практичнот дел од почетната обука, правата и обврските на учесниците за судии и јавни обвинители и менторите, а по избор на менторскиот тим); во Апелационите судови и тоа: 2 недели обука за граѓанска постапка и 2 недели обука за кривична постапка; во основните јавни обвинителства односно 8 недели во Основно јавно обвинителство и во Вишите јавни обвинителства односно 4 недели во Вишо јавно обвинителство. Поконкретно, во текот на практичната обука усвоен е концептот на регионално менторство, така што практичната обука ќе се спроведува под менторство на судиите и јавните обвинители од **Основните судови Скопје I и Скопје II, Штип, Битола** и **Апелационите судови**, како и од **Основните јавни обвинителства Скопје, Штип, Битола** и **Вишите јавни обвинителста,** а во зависност од регионалното потекло на кандидатите, односно усвоен е концептот на регионално менторство.

Практичната обука на учесниците ќе опфати: работа во суд или јавно обвинителство, работа во друг орган или институција, посета на установи, учество во континуирана обука, други облици кои по наогање на менторот се од значење за ефикасно реализирање на обуката.

Практичната обука на учесниците менторите ќе ја спроведуваат особено преку следните методи и техники: помагање на менторот во извршување работи од неговиот делокруг, усна и писмена комуникација со органите со кои соработува менторот, пишување на одлуки и други процесни акти, составување предлог на одлуки, учество на претреси и расправи, истражни дејствија, учество во други обуки, пребарување на судска пракса и друго согласно Правилникот и Програмата за практична обука.

Заради институционално градење на Академијата секоја година, што значи и во 2008 година, ќе се врши прием на кандидати за судии и јавни обвинители поради што Академијата ќе пристапи кон изготвување на корекции во подзаконската регулатива како што се Програмите за теоретска и практична настава, Правилниците за начинот на одвивање и оценување на квалификациониот тест и приемниот испит, Правилникот за почетокот, редот и дисциплината, дисциплинската одговорност и други права и обврски на кандидатите во почетната обука во Академијата а имајќи ги предвид недостатоците кои практично се покажаа при нивната примена а во правец на подобрување на објективноста, воспоставување на прецизни критериуми базирани на искуствата и предлозите, забелешките од евалуационите извештаи на кандидатите како и на Комисијата за квалификација и прием, на едукаторите при спроведување на Програмата за почетна обука и на тестовите.

Во таа смисла Академијата поднесе **предлог цели и активности за Националаната програма за усвојување на законодавството на ЕУ (НПАА) 2008-2010 каде** предлага измена на Законот за Академија за обука на судии и јавни

обвинители, негово усогласување со другите закони од областа на правосудството заради правилно работење и остварувања на целите и дејноста на Академијата за подолг период. Инаку, согласно програмата за работа на Владата на РМ и НПАА (националната програма на Владата на РМ за апроксимација кон Европското acquis, предвидено е за 2008 година измена и дополнување на Законот за Академија.

Во текот на досегашната работа и изведување на почетната обука се појавија прашања за статустот на кандидатите како за време на почетната обука, така и по заршување на почетната обука во Академијата, како: вклучување на категоријата „кандидати“ и решавање на нивниот статус и работен однос во Законот за судска служба (последното се однесува како за кандидатите кои доаѓаат од судовите и обвинителството, така и за останатите кандидати), потреба во законите од областа на правосудството да се вметне постоењето на „кандидати за судии и јвни обвинители“, како посебна категорија на лица и посебен субјект во правосудството, на кој начин и по кој редослед ќе се врши изборот од доставената ранг листа од страна на Академијата.

Меѓудругото, се појави прашање и за анонимност на писмените тестови и испити, изнаоѓање решение за реализација на принципот на правична застапеност при полагањето на испитите, регулирање на статусот и процесните овластувања на кандидатите за време на менторството по судовите и јавните обвинителства (сослушување на странки, вршење помалку важни процесни дејствија под водство и супервизија на судиите, како што е во Институциите надлежни за обука во ЕУ- пр.Франција, Португалија).

За таа цел дадени се конкретни предлози како на пример:

1.**Формирање на работна група** во рамките на Министерството за правда со претставници на Академијата, Судскиот совет на Република Македонија, Советот на јавни обвинители и останатите институции кои се претставени во Управниот одбор на Академијата и кои се инволвирани во процесот на регрутирање и избор на кандидатите за судии и обвинители и изработка на програмите за обука, за:

- **измена** на Законот за Академија за обука на судии и јавни обвинители каде се констатирани и воочени неконзистентни и непрактични или недоречени решенија во текот на досегашната примена, како и негово усогласување со другите закони од областа на правосудството
- **усогласување** на Законот за Академија за обука на судии и јавни обвинители со сите други закони од областа на правосудството кои го засегаат прашањето на статусот на кандидатите за време на почетната обука

2.При пристапување кон измена на процесните закони, да се вклучи **претставник од Академијата во работните групи** заради давање конкретни и изворни решенија за регулирање на статусот и процесните овластувања на кандидатите за време на менторството по судовите и јавните обвинителства.

3.**Измена на Статутот и другите подзаконски акти на** Академијата за обука на судии и јавни обвинители.

## *КОНТИНУИРАНА ОБУКА*

Согласно член 42 и член 43 од Законот за Академија за обука на судии и јавни обвинители (Службен весник на Република Македонија бр.13/2006), Академијата спроведува постојано стручно усовршување на судиите и обвинителите и други целни групи детално наведени во Законот.

Правото и обврската на постојано стручно усовршување на судиите и обвинителите се остварува во Академијата во зависност од нивниот стаж, согласно член 43 од Законот и тоа, времетраењето на стручното усовршување на судиите и обвинителите кои имаат до осум години стаж како судија, односно обвинител изнесува најмалку 50 часа во текот на годината; на судиите и обвинителите кои имаат над осум години стаж како судија, односно обвинител изнесува најмалку 30 часа во текот на годината и на судиите и обвинителите кои имаат над 15 години стаж како судија, односно обвинител изнесува најмалку 15 часа во текот на годината.

Мошне практично во поглед на континуираната обука се покажа креирањето на Рамковна годишна програма за обука која беше усвоена од страна на УО и објавена со што се воведе структуирана, детално планирана, конзистентна, институционална континуирана обука на судиите и ЈО која понатаму се реализира преку создавање и објавување на детален календар на активностите доставен до секој судија и ЈО за да можат навремено да ги планираат секојдневните професионални обврски

**Целни групи кои се и ќе бидат и во 2008 година опфатени со оваа обука се:**

- 589 судии и 180 јавни обвинители и нивни заменици
- 18 судии на новоизбраниот Управен суд на РМ и
- 11 судии на новоизбраниот Апелационен суд во Гостивар
- 12 стручни државни службеници од Министерството за правда;
- 3 административно - стручни државни службеници од Министерството за правда
- 308 стручни соработници во сите судови во Република Македонија;
- 39 стручни соработници во сите јавни обвинителства во Република Македонија
- службеници во сите судови во Република Македонија;
- 230 службеници во сите јавни обвинителства во Република Македонија.

Во 2007 година Академијата започна со примена на децентрализиран пристап во одржување на обуките во делот на постојаното стручно усовршување на судиите и обвинителите а со цел да се намалат трошоците во делот на обуките и да се оневозможи непотребно одлагање на судските рочишта во случај на често одржување на обуки во Академијата во кој случај судиите и обвинителите од другите градови би требале да престојуваат во Скопје неколку дена што повлекува одложување на бројни судења заради реализација на обуките. Од таа причина како поефикасен начин за да можат судиите и обвинителите да го остварат својот законски фонд на часови за обука се пристапи кон децентрализирано одржување на обуки кое се покажа како ефективно и корисно и истото ќе продолжи и во текот на 2008 година. Во текот на 2007 година беа одржани вкупно 123 обуки со вкупно 1506 часови и 2987 учесници,од кои од буџетот се финансирани 37% а од странаски организации и донации 63%.

Во насоки на реализација на **Програмата за постојано стручно усовршување за 2008** година, Академијата изготви и Управниот одбор на седницата одржана на

27.12.2007 година усвои: Календар со планирани обуки за постојано стручно усовршување за 2008 година, Детален календар на планирани задолжителни обуки за постојано стручно усовршување на судии, јавни обвинители и стручни соработници за јануари – февруари 2008 година, Рамковен календар на планирани обуки на претседатели на судови и шефови на јавни обвинителства за 2008 година, Рамковен календар на планирани обуки за постојано стручно усовршување на стручни соработници за 2008 година, Рамковен календар на планирани обуки за постојано стручно усовршување на раководни службеници и стручно административни службеници во судовите и јавните обвинителства за 2008 година и Рамковен календар на планирани обуки за постојано стручно усовршување на административни судски и обвинителски службеници за 2008 година кои се објавени на веб страанта на Академијата. Во календарите се опфатени теми согласно Програмата за постојано стручно усовршување, прилагодени на актуелните потреби од обука на судиите и обвинителите, како: борба против корупција, новата улога на јавните обвинители, малолентичка правда, индустриска сопственост. Во истите детално беа наведени обуките според датуми, место на одржување, одделните целни групи и темите. Календарите беа доставени до секој суд, јавно обвинителство и до Министерството за правда на РМ со повикување за навремено пријавување за одделна обука за која се заинтересирани.

Како активности кои е предвидено да се спроведат во 2008 година согласно изготвените Календари се семинари, еднодневни работилници и тркалезни маси сообразно со потребите на судиите и јавните обвинители, а на кои ќе се изведуваат предавања, дебати, практични вежби, анализа на домашна и меѓународна пракса, со користење на современи техники за учење на возрасни, а според карактерот на темите и областа која е предмет на обуката а особено акцент ќе биде ставен на теми од областа на кривичното право, граѓанското право, трговско право, меѓународно право и право на ЕУ а исто така предвидени се и професионални програми и модули и низа на обуки во соработка со Проектот КАРДС. Со овој календар веќе се вклучени и судиите од новоформираниот Апелационен суд во Гостивар и Управниот суд на РМ.

Како и минатата година така и во 2008 година во постојаното стручно усовршување ќе се даде приоритет на изучување на европската и меѓународната димензија на правото, зајакнување на свеста за социјалната димензија на професијата, организираниот криминал, заштита на интелектуалната сопственост, конкурентско право, усовршување на знаењата на странски јазици и компјутерска технологија а имајќи ги предвид целите и приоритетите на Република Македонија како земја кандидат за влез во ЕУ, потребата од хармонизација на домашното законодавство со меѓународното и потребата, домашните судии и обвинители да ги применуваат меѓународните стандарди во секојдневното постапување. Академијата ќе обезбеди обуки кои се во корелација со аспирациите на Република Македонија за членство во Европската унија и кои ќе придонесат кон подобрување на бизнис климата во Република Македонија, поттикнување на инвестициите, борба против организираниот криминал (корупција, перење пари), економскиот криминал, трговија со луѓе, азил и миграција, малолетничка правда, како и обуки кои се однесуваат на зголемување на ефикасноста на судството и пристапот до правдата. За таа цел Академијата поднесе апликации за проекти за обуки за малолетничка правда заедно со Министерството за правда на РМ, за интелектуална сопственост во рамките на Заводот за индустриска сопственост, за поттикнување на инвестициите со Министерство за економија.

Во постојаното стручно усовршување акцент ќе буде ставен на обука во следните области:

1. **Обуки за судии и јавни обвинители**
   - Управување со предмети (case management)
   - Зголемување на квалитетот на пресудите, судење во разумен рок
   - Заштита на човекови права
   - Обуки за тужбите пред нашите судови за повреда на Европската конвенција за човекови права
   - Борба против организиран криминал (корупција, перење пари), економскиот криминал
   - Трговија со луѓе, азил и миграција
   - Малолетничка правда
   - Корпоративно управување
   - Право на Европската унија
   - Пристап до правдата, бесплатна правна помош, управување сопредмети
   - Компјутери
   - Странски јазици
   - Пребарување на базите на правни податоци

2. **Обука за претседатели на судови и јавни обвинители**
   - Ефикасно судство, тиме менаџмент, обуки за менаџирање со буџетот и човечките ресурси обука за претседателите и јавните обвинители

3. **Обуки за судските и обвинителски службеници**
   - Распределба на предмети, управување со време и предметите, за судската администрација и раководните структури во судот
   - Етика

Во 2008 година, Академијата предвидува учество на вкупно околу 9.380 учесници, и тоа: 6.800 судии и јавни обвинители, 600 претседатели на судови и шефови на јавните обвинителства, 800 стручни соработници, 460 раководни службеници и стручно административни службеници во судовите и обвинителствата, 720 административни судски и обвинителски службеници.

Оваа проекција се однесува на задолжителните обуки кои судиите и обвинителите треба да ги посетат со цел да го исполнат законски утврдениот број на часови. Покрај овие обуки Академијата предвидува и факултативни обуки, кои ќе се одржат во зависност од финансиските средства и потребите на одделните целни групи.

Нагласуваме дека во пресметувањето на бројот на учесници, учесниците се мултиплицирни, односно земено е во предвид дека еден учесник учествува на повеќе обуки од различни теми, пред с# во поглед на обуката на судиите и обвинителите, бидејќи тие со цел да ја исполнат законската обврска за бројот на исполнети часови треба да посетуваат повеќе обуки.

За време на траење на судската ферија од 15 јули до 31 август обуки нема да се одржуваат.

И во 2008 година Академијата ќе продолжи да води и постојано да ажурира евиденција за часовите и истата ќе им биде доставувана на судиите, јавните обвинители

и државните службеници од Министерството за правда на шест месеци со цел тие, во секој момент, да имаат преглед на часовите кои ги поминале и кои им останува да ги поминат на обука.

Во поглед на обуката на едукатори Академијата во 2007 година започна а во 2008 година ќе продолжи да реализира обуки на едукаторите од областа на **човековите права и европското право,** обука за Европската конвенција за човекови права **и за одделни сегменти од правото на Европската Унија (заштита на конкуренција, внатрешен пазар, заштита на податоци, како и одделни сегменти од судско обвинителското работење (техники на пишување на пресуди и др.) а заради** јакнење на капацитетите на Академијата, како и за усовршување на стручните знаења и вештини на домашните едукатори и создавање на доволен број на едукатори од областа на европското право и човековите права.

Во рамките на континуираната обука предвидена е и **обука на менторите**, која е планирана да се реализира пред започнување на менторството преку КАРДС програмата и **една обука** во рамките на проектот за билатерална соработка со **Француската амбасада.**

Во текот на 2007 година, во текот на обуките за континуирана обука беа вклучени 48 странски експерти од повеќе земји и Академијата заради обучување на судиите и јавните обвинители за легислативата и праксата на ЕУ и на мегународното право и пракса на другите мегународни судови ќе продолжи со канењето на странски експерти во обуките.

## *СОРАБОТКА СО ДОМАШНИ И МЕЃУНАРОДНИ ИНСТИТУЦИИ*

Од почетокот на своето работење Академијата воспостави и одржува успешна и плодна соработка со сродните институции на земјите во регионот и пошироко, заради размена на искуства во сферата на почетна обука на кандидати за судии и јавни обвинители, како и постојано стручно усовршување на судии и јавни обвинители.

Во рамки на меѓународната соработка, Академијата го продолжи членството на Центарот за континуирана едукација при Здружението на судиите на Република Македонија во Лисабонската мрежа на институции за обука на правосудството, која постои во рамки на Советот на Европа, со номинација на Министерот за правда на Република Македонија, како единствена институција во Република Македонија која врши обука на правосудството.

На Деветтото Генерално Собрание на Европската мрежа за судска обука (EJTN), при ЕУ, одржано од 11 до 13 јуни 2007 година во Триер, Сојузна Република Германија, Академијата е примена со статус на набљудувач, заедно со Хрватската правосудна Академија.

Во рамките на оваа мрежа, Академијата поднесе апликации и одобрени се два проекти со шпанската школа за судии во Барселона за програмата за кривична правда, учество во програмата за размена на судии и јавни обвинители и учество во календарот на обуки организирани од ЕЈТН за 2008 и покана на судии и јавни обвинители на обуки организирани од Академијата - календарот за 2008 година во рамките на оваа соработка почна и испраќање на наши судии и јавни обвинители во Академијата за европско право. Активностите кои произлегуваат од овие проекти ќе се реализираат во текот на

2008 година. Во таа смисла во рамките на програмата за размена прифатено е двонеделен престој на 3 судии и 2 јавни обвинители, 2 кандидати од почетната обука и 1 едукатор во правосудните институции во Бугарија, Хрватска, Шпанија, Романија,Словенија, а прифатен е и двонеделен престој на судии, јавни обвинители од Естонија и Латвија во нашите правосудни институции.

Програмата за постојано стручно усовршување на судиите и обвинителите се реализираше со сопствени средства од Буџетот на Република Македонија, а според приоритетите и потребите на судиите и јавните обвинителите.

Воедно, во реализација на дел од Програмата се обезбедија финансиски средства преку проекти од меѓународни организации кои ќе продолжат и во текот на 2008 година и тоа со **CARDS 2004 проектот „Техничка помош за поддршка на формирање на институт за обука на правосудството – втора фаза"** која техничка помош се состои од три сегменти и тоа: нормативна – при изготвување/измена на релевантната законска и подзаконска регулатива; при изготвување и спроведување на сите програми за обука, спроведување на подготвителна настава за припадниците на заедниците во Република Македонија, на квалификационен тест, приемен и завршен испит; при организирање на обуки со учество на експерти на ЕУ; поддршка на институционалниот развој на Академијата и обезбедување на нејзината одржливост и во наредната година проектот ќе даде техничка и финасиска поддршка за подготвување на подготвителна програма за спроведување на начелото на соодветна и правична застапеност, помош при градење на библиотеката и обуки за право на ЕУ. Ќе продолжи соработката и со другите мегународни организиации како **Набљудувачка мисија на OSCE** во Скопје (Оддел за владеење на правото), **Амбасада на САД во РМ/Програма ОПДАТ, и програмата Фулбрајт, Проект за билатерална македонско – француска соработка** во областа на обука на правосудството, финансиран од Владата на Р. Франција, а во организација на Амбасадата на Р. Франција во Р. Македонија преку мисијата на францускиот експерт - г-н Dominique Durand, јавен обвинител за финансиски криминал, во рамки на која во наредните две години, каде ќе се реализираат повеќе сегменти на соработка мегу кои обука на ментори, курсеви по француски јазик, обуки за судиите на Управниот суд, студиски престои, посета и предавања на странски експерти и слично; проектот на **USAID/DPK Consulting** – каде како сегмент е опфатено и јакнење и помош при изградба на капацитетите на Академијата и обуки за судската администрација и менаџерска структура на судовите. Ќе продолжат и обуките во рамките на **TWINNING Проект за борба против организираниот криминал и корупцијата** учество на судии и јавни обвинители од Одделението за гонење на сторители на дела од областа на организираниот криминал и корупцијата при Јавното обвинителство на РМ, МВР и финансиска полиција, администрација и други судии и јавни обвинители во поглед на обуки за борба против организиран криминал и корупција, трговија со луѓе, компјутерски криминал, итн; **Програма HELP на Советот на Европа** за обука на едукатори и дизајнирање на заеднички курикулум за обуките за одделни членови на ЕКЧП, обуките во рамките на **Регионален проект на Германско друштво за техничка соработка** (GTZ) при Сојузното министерство за економска соработка развој на СР Германија и Твининг Поректот за обуки за перење на пари и финансирање на тероризам во соработка со Шпанија и Управата за спречување перење на пари.

Во рамките на домашната соработка Академијата за обука на судии и јавни обвинители склучи Меморандуми за соработка со Правниот факултет „Јустинијан Први" при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј", Универзитетот на Југоисточна Европа во Тетово, како и со Полициската Академија. Меморандуми за соработка

Академијата склучи и со Здружението на судии во Република Македонија и Здружението на јавните обвинители во Република Македонија, а започна и со заедничко организирање на обуки со Здружението за кривично право и криминологија на Република Македонија, почна да соработува и со професионалните здруженија на нотарите, извршителите и медијатори и Адвокатската комора на РМ во рамките на која соработка согласно Програмата за континуирана обука предвидена е реализација на заеднички обуки.

Исто така, во насоки на подготовка на Националната програма за усвојување на правото на Европската унија (НПАА), за спроведување на стратегијата за судски реформи во рамките на Министерството за правда на РМ, менаџерската и стручната служба на Академијата е вклучена и во работните групи во рамки на Министерството за правда, Министерството за економија, Државната Комисијата за спречување на корупција и Државниот Завод за индустриска сопственост.

Академијата е вклучена во Програмите во делот на обуката на повеке министерства, како Министерството за правда, Министерството за финансии, Министерството за економија, Државната комисија за спречување на корупцијата, Државниот Завод за индустриска сопственост и други. Така, Академијата се вклучи и во проектот на Министерството за финансии REPAIS, потоа поднесен е предлог проект до УНИЦЕФ, а ќе продолжи и соработката со OPDAT и Набљудувачката мисија на ОБСЕ во Скопје.

Академијата поднесе до Министерството за правда Предлог проект во рамки на ИПА Фондовите. Предлог проектот е составен од четири компоненти, и тоа: 1) Формирање на регионални центи за обука во Битола, Гостивар и Штип; 2) Воведување на модерен e-learning систем; 3) Набавка на мини автобус со 18 седишта; и 4) Збогатување на библиотечниот фонд, преку претплата на on-line ревии и дата бази.

## *БУЏЕТ*

Согласно Законот за Академија, средства за работа на Академијата се обезбедуваат од Буџетот на РМ преку Буџетот на Судска власт. Академијата треба да обезбеди и понуди огромен број на обуки за следните целни групи: почетна обука (бројот ќе зависи од слободниот број на места за судии и обвинители), постојано стручно усовршување на 589 судии и 180 обвинители, 1500 судски службеници и на 230 обвинителски службеници, како и на 20 државни службеници од МП кои вршат работи од областа на правосудството. Заради изведување на своите обврски, Академијата има потреба од организирање на домашни и регионални обуки и конференции,испраќање на судии и јавни обвинители на обуки и студиски престои во странство, зголемување на библиотечниот фонд, дополнителна опрема, итн.

За да може Академијата да работи ефикасно и функционално треба да се изнајде начин за нејзино олеснување од тендерските постапки, во делот на органиизрање на обуките, со оглед дека Академијата работи со едукатори и експерти кои се ангажираат според специјалноста, најчесто и за една обука, неможноста да се најдат соодветни простори за сместување и обука на учесниците, хотели. Со сето ова се намалува ефикасоноста, бидејки основна дејност на Академијата е органзирање на обуки, а за типот на обуки како семинари, конференции, со сместување на учесници и странски експерти потребно е сместување во хотели како и услуги за исхрана.

За периодот 2008-2010 година е предложен буџет како следи

**ПРЕДЛОЖЕН БУЏЕТ ЗА 2008-2010**

| Расходна ставка | Опис | 2008 | 2009 | 2010 |
|---|---|---|---|---|
| 1. 400000 | Плати, наемнини и надоместоци за вработени | 6.498.000,00 | 9.677.000,00 | 11.390.000,00 |
| 2. 420000<br>420000<br>421000<br>423000<br>424000<br>425000<br>426000 | Стоки и услуги<br>Патни и дневни расходи<br>Комунални услуги, греење,<br>комуникација и транспорт<br>Ситен инвентар, алат и други материја<br>за поправки<br>Поправки и тековно одржување<br>Договорни услуги<br>Други тековни расходи | <br>9.000.000,00<br>3.500.000,00<br>2.500.000,00<br>300.000,00<br>8.500.000,00<br>7.000.000,00 | <br>9.900.000,00<br>3.850.000,00<br>2.750.000,00<br>330.000,00<br>9.350.000,00<br>7.700.000,00 | <br>10.890.000,00<br>4.235.000,00<br>4.000.000,00<br>840.000,00<br>10.285.000,00<br>8.470.000,00 |
| 3. 480000 | Средства | 4.000.000,00 | 4.400.000,00 | 4.840.000,00 |
| | **ВКУПНО** | **41.298.000,00** | **47.957.000,00** | **53.498.000,00** |

Во рамките на предлог целите и активностите за Националаната програма за усвојување на законодавството на ЕУ (НПАА) 2008-2010 Академијата заради успешно остварување на своите приоритетни дејности и цели го предложи следниот буџет:

**БУЏЕТ ЗА 2008-2010 ЗА РЕАЛИЗИРАЊЕ НА ПРИОРИТЕТИТЕ**

| Расходна ставка | Опис | 2008 | 2009 | 2010 |
|---|---|---|---|---|
| 1. 400000 | Плати, наемнини и надоместоци за вработени | 9.918.324,00 | 11.787.864,00 | 13.967.664,00 |
| 2. 420000<br>420000<br>421000<br>423000<br>424000<br>425000<br>426000 | Стоки и услуги<br>Патни и дневни расходи<br>Комунални услуги, греење, комуникациј<br>и транспорт<br>Ситен инвентар, алат и други материјалı<br>за поправки<br>Поправки и тековно одржување<br>Договорни услуги<br>Други тековни расходи | <br>9.000.000,00<br>3.500.000,00<br>3.000.000,00<br>700.000,00<br>8.500.000,00<br>7.000.000,00 | <br>9.900.000,00<br>3.850.000,00<br>3.500.000,00<br>770.000,00<br>9.350.000,00<br>7.700.000,00 | <br>10.890.000,00<br>4.235.000,00<br>4.000.000,00<br>840.000,00<br>10.285.000,00<br>8.470.000,00 |
| 3. 480000 | Средства | 5.000.000,00 | 5.000.000,00 (оваа ставка ќе с зголемува согла но проектот за адаптација на објект) | 5.000.000,00 (оваа ставка ќе с зголемува согла но проектот за адаптација на објект) |
| | **ВКУПНО** | **46.618.324,00** | **51.857.864,00** | **57.687.664,00** |

Исто така, Академијата поднесе и годишна програма за инвестирање од буџетот за судската власт за 2008 година, раздел 29010, потпрограма Г5, категорија 48 во кој се инволвирани следните стратешки приоритети и цели:

Имено, Планирањето на Годишната инвестициона Програма за Академијата за 2008 година се проектира со вкупниот износ на одобрените средства за оваа намена, односно во износ од 1.000.000 денари.

Приоритетните капитални расходи се планираат за инвестиционите активности кои се во тек или треба да започнат, а кои инвестициони активности не се предвидени во ниту една друга инвестициона програма.

Во текот на 2007 година Академијата започна со почетната обука и во Програмата се примени 27 кандидати за судии и обвинители. Од септември 2007 година се започна со реализација на Програмата за постојано стручно усовршување на судии и обвинители, стручни соработници и судско-обвинителски службеници. Во овој период се направи анализа за потребите за изработка на софтверски решенија што резултираше со објавување на отворен повик во втората половина на 2007 година и тоа за софтвверско решение за водење електронски записи за секој од клиентите на Академијата, со можност за анализа по определени критериуми; почетна обука на кандидати за прием во Програмата за почетна обука во Академијата; постојано стручно усовршување на судиите и јавните обвинители, судско-обвинителските службеници и библиотечно работење. Постапката по отворениот повик бр.4/2007 година сеуште не е завршена и согласно одлуката за јавна набавка вредноста на овие софтверски решенија е 1.200.00,00 денари кои средства беа предвидени во инвестиционата програма за 2007 година. Меѓутоа во овој момент во буџетот на Академијата за 2008 година има само 1.000.000,00 денари кои не се доволни за покривање на побарувањата од 2007 година.

Друг проблем кој треба да се реши со инвестиционата програма се и надворешните влезни врати во трите ламели на Академијата, кои во текот на целата година постојано се расипуваа и се поправани, по што се увиде потребата да биде заменет механизмот за отварање и затварање на вратите. Тоа е основа за безбедноста на просториите на Академијата со оглед дека друг влез односно пристап нема.

Компјутерската опрема во Академијата мора да се одржува, но и да се надргадува како нормален процес на обновување на информатичка опрема, што и беше предвидено во инвестиционата програма за 2007 година.

Во Академијата за обука на судии и обвинители нема поставено апарати за гаснење на пожар, па како неопходна потреба за безбедноста на просториите, вработените и останатите слушатели на Програмите е набавка на овие апарати.

Како што беше погоре истакнато, Академијата за обука на судии и јавни обвинители има пренесени нереализирани обврски од предходната година во вкупен износ од 1.200.00,00 денари по Отворен повик бр.4/2007. За жал, за разлика од предложениот буџет кој одоговара на потребите за исполнување на обврските на Академијата согласно Законот за Академија, буџетот е намален за 25 % во однос на минатата година и изнесува 27.212.ооо,оо денари, што ја доведува во прашање можноста на Академијата во тековната година за извршување на основната дејност.

Од таа причина Управниот одбор на седница одржана на 30.01.2008 година разгледувајки ја инвестиционата програма: **Барање за зголемување на Буџетот на Академијата за 2008 година, донесе заклучок да се побара од судскиот буџетски совет** веднаш да ја разгледа финансиската состојба и да се превземе иницијатива за отпочнување на постапката за ребаланс на буџетот за 2008 година.

Секако, Академијата користејќи ја можноста од чл.30 од Законот за Академија, ќе настојува да бара и други извори на финансирање како донации, подароци, реализација на проекти, грантови и др.

## *КОМПЈУТЕРСКИ СИСТЕМ*

Одржувањето на внатрешната и надворешната база на податоци (интранет и интернет) без кој не може да функционира секоја образовна установа заради задоволување на потребите од транспаретност и визибилност за целните групи–корисници на услугите, пред се заштита на податоците со кои располага и се од осетлив карактер (оценки за учесниците, за едукаторите и менторите, резултати од тестови, испити) е незамисливо без имплементација на стратегијата за ИКТ чиј составен дел мора да биде Академијата заради одржување на внатрешен систем на комуникации и врски со сите институции на правосудниот систем заради задоволување на потребите на целните групи (бази на податоци, линкови со судовите и јавните обвинителства заради користење на судската пракса и други форми на извори на сознанија и информации), лесен пристап до судската пракса и законодавство, но и олеснување на пријавување на учесниците по пат на web пријавување со што ќе се намалат поштенските трансакции и создавање на непотребен вишок хартија.

Во тек е јавна набавка за дизајн, развој и имплементација на софтверски решенија за потребите на Академијата за обука на судии и јавни обвинители (забрзана постапка). Преку овој софтвер во Академијата ќе се води комплетна база на податоци за кандидатите во почетната обука, постојаното стручни усовршување и библиотеката на Академијата, ќе се внесуваат сите активности кои се одвиваат во Академијата. Со цел овој софтвер да функционира, Академијата ќе мора да набави и хардвер кој ќе овозможи подршка на споменатите софтверски решенија.

За таа цел приоритет на Академијата во овој сегмент ќе биде набавка на соодветен хардвер за поддршка на софтверските решенија што е предвидено во буџетот за 2008 година. и имплементација на ИКТ стратегијата и во Академијата.

## *ОПРЕМА*

Во моментов Академијата располага со солидна и модерна опрема, обезбедени компјутери за работа за секој вработен, како и лап топови и ЛЦД Проектор кои се користат за изведување на почетната обука и обуката за постојано стручно усовршување.

Поради големиот интензитет и број на обука, Академијата има потреба од набавување на дополнителен број лап-топови кои ќе се користат за време на обуките. Во исто време, и вработените имаат потреба од користење на лап-топ за време на патувањата, бидејќи најмалку еден вработен присуствува на обуките и заради тоа често се отсуствува од работното место.

Академијата располага со 12 компјутери кои можат да ги користат кандидатите во почетната обука. Во моментов бројот на кандидатите е 27, но тој број може да варира во зависност од празните судско-обвинителки места, односно во иднина може да биде и многу поголем. Затоа, Академијата има потреба од дополонителен број на

компјутери или лап-топови за да можат кандидатите да ги изготвуваат домашните задачи, како и да го изучуваат материјалот зададен од едукаторите.

Одржувањето на почетната обука и нејзиното органзирање во секојдневната пракса (водење на кандидатите на посети по установи, институции и сл, како дел од наставната програма), како и одржувањето на обуките во постојано стручно усовршување децентрализирано, во апелационите судови, наметнува потреба од набавка на транспортни средства (автобус, комбе и возило за превоз на едукатори, експерти, вработени од Академијата, странски гости и сл.).

Во 2008 Академијата има потреба од набавка на следнава опрема :

- Лап – топ – 35 парчиња
- Компјутери-7 парчиња
- Лесно возило со 5 седишта- 1
- Комбе со 8 седишта -1
- Автобус со 35 седишта- 1

## *ПРОСТОРНИ КАПАЦИТЕТИ НА АКАДЕМИЈАТА*

Академијата е сместена во приземниот простор (локали) на стамбени згради со вкупна површина од 609 м$^2$ и располага со следниве содржини:

- 1 голема сала за 40-45 учесници
- 1 помошна сала за 20 учесници
- 1 мала сала за 10-12 учесници (за мала работилница, курс и сл.)
- 1 компјутерска сала за 12 учесници
- 1 просторија за библиотека (која не ги задоволува пропишаните услови за библиотечен простор)
- 1 сала за состаноци
- 9 канцеларии за вкупно 20 вработени (вклучувајќи ги и канцелариите на Директорот и Извршниот директор)

Локацијата и местоположбата на сегашните простории (во станбени згради, без внатрешна конекција една со друга оддалечени од судовите и јавните обвинителства) се сосема несоодветни на целите, концепцијата и стратегијата за изградба на Академијата како високоугледна, престижна, претставителна установа, како и со содржината на активностите каде секојдневно се одвиваат обуки и контакти со голем број на претставници на меѓународните организации. Исто така, со пополнување на работните места, во Академијата нема да има доволен простор за канцеларии на вработените.

Сместувањето на кандидатите за почетна обука го опфати целосно просторот на третата ламела, така да за одржување на обуките за континуирана обука, за семинари и обуки за англиски јазик и сл., останува на располагање големата сала во првата ламела.

Почетокот на почетната обука укажа на недоследност и нееднаквост на Законот за Академија во поглед на третманот и трошоците на кандидатите од Скопје во однос на тие од другите градови кои се принудени да плаќаат трошоци за превоз, исхрана, сместување и сето тоа од надоместот кој им се исплаќа согласно Законот за Академија (70 % од најниската плата на стручен соработник). Поради недоволен простор кандидатите се во иста просторија што не дава можност за обука во повеќе групи,

користење на модерни наставни техники како симулирано судење, работа во помали групи кои наставни техники ги наметнуваат магународните стандарди на сите европски тренинг институции. Исто така, кандидатите имаат потреба од посебна просторија – читална, каде што ќе можат да учат и да ги подготвуваат предметите и испитите.

Бидејќи најголем дел од учесниците не се од Скопје, има потреба да се најде простор за сместување на кандидатите од другите градови и едукаторите од другите градови кои држат обука во Скопје, да се изедначат во трошоците учесниците од Скопје и другите градови.

Регионалниот пристап во организирање на обуките во постојано стручно усовршување од една страна ќе доведе до ослободување на сегашните простории на Академијата и нивно користење за почетна обука, избегнување на концентрација на целокупната дејност во Скопје, но што е многу важно ќе доведе до поефтинување на трошоците за обука (избегнување на ноќевање на учесниците по хотели, ручеци и сл.).

Тоа наметнува потреба од решавање на просторните потреби на Академијата и проширување на просторните капацитети на Академијата кои во сегашниот обем не можат да ги задоволат потребите на почетна и континуирана обука за сите целни групи за кои Академијата треба да обезбеди обука, поради кое Академијата предлага:

**Кон разрешување на ова прашање Академијата ќе биде фокусирана во текот на 2008 година а како предлози за надминување на просторните проблеми се посочуваат:**

- Изготвување на визибилити студија за нови просторни решенија за Акадмеијата;
- Адаптирање или изградба на соодветна зграда или комплекс:

1) со капацитети со доволен простор за вработени;

2) наогање на простор за сместување на кандидатите од другите градови, но и за едукаторите од другите градови, како и странски експерти кои одржуваат настава организирана од Академијата – но не како интернатски услови, туку како заеднчки простории за кандидатите (спортски, одмор,освежување)

3) со повеќе просторни можности за почетната обука (сали за работа во групи,симулирани судења,симулирање на испитувања на странки и сведоци и сл. со видео конференција итн.

4) Повеќе сали и за почетна и за контиунуирана обука (задолжително еден амфитеатар за полагање на испити за почетна обука, промоција на кандидатите, за конференции, за регионални состаноци, сали кои ќе овозможат обука за помали целни групи (20 -25 согласно законските одредби за одржување на специјализирани обуки).

5) Простор за библиотека и учење на учесниците во обуките и консултација со едукаторите

6) Потреба од повеќе сали се наметнува и од законската можност Академијата да остварува приходи и со обука на други целни групи ( нотари, адвокати, медијатори, извршители со партиципација со котизација)

- Просториите каде се одржуваат обуките на судиите и јавните обвинители во Битола и Штип во постојаното стручно усовршување да прераснат во регионални центри за обука (да се опремат со информатичка технологија, библиотека, мебел погоден за обука, ЛЦД проектори и други технички средства потребни за изведување на модерна настава, вклучувајки и опрема за далечинско учење кое нешто ќе ги намали буџетските средства и трошоците), користење на предавање на странски експерти за право на ЕУ, други ретки дисциплини, учењето на странски јазици да бидат следени од повеќе места и од страна на голем број на учесници без никакви трошоци и

оспособување на целните групи сами да учат преку е-учењето како еден од најновите наставни методи во модерните академии.

## *БИБЛИОТЕКА НА АКАДЕМИЈАТА*

Библиотеката на Академијата располага со домашна и странска правна литература, која воглавно е преземена од Центарот за континуирана едукација. Во неа се содржани домашни закони и коментари на закони, како и странска литература. Меѓутоа, воглавно станува збор за 3-4 примероци од една книга.

Поради големиот број на корисници на нејзините услуги, како и поради законските измени има потреба од перманентно збогатување на фондот на закони и коментари на законите, како и со друга домашна правна литература (закони, коментари на закони, списанија), така и странска литертаура (списанија, публикации за Европското законодавство и пракса на Европските и меѓународните судови, превод на документи и користење на базите на податоци).

Во моментов кандидатите во почетната обука (27) имаат секојдневна потреба од користење на законите и коментарите на закони.

Во 2008 година Академијата ќе работи на набавување на домашни закони и коментари на закони и странска литература.

## *ЕВАЛУАЦИЈА НА ОДДЕЛНИ СЕГМЕНТИ ОД РАБОТЕЊЕТО*

### 1. ПОЧЕТНА ОБУКА

Учесниците во почетната обука во текот на периодот на целата теоретска настава извршија 4 евалуации (за секој месец), во поглед на организирањето на наставата од страна на Академијата и на неколку суштински компоненти од начинот на реализација на обуката од страна на едукаторите и истите ќе бидат предмет на разгледување заради измени на програмските содржини и наставни планови, заради редефинирање на начинот на изведување на обуката и наставната методологија со цел за подобрување на теоретската настава во смисла на збогатување на наставните содржини со анализа на што повеќе практични случаи заради оспособување на идните судии и јавни обвинители за практично проефесионално извршување на функцијата.Се разбира се работеше за изведување на теоретска настава за прв пат од ваков вид во РМ без можност за споредба со домашни примери туку исклучиво на мегународни искуства.

Од страна на учесниците на почетната обука беа истакнати повеќе примери а како најистакнати предлози беа: комбинирањето на редовните теоретски часови со примери од практиката; да има повеќе практични часови за анализа на судиски и обвинителски предмети, со оглед на големиот број на наставни предмети и теми, се предложи и зголемување на времетраењето на теоретската настава од 5 месеци, потребата да се упрости начинот на оценување, едукаторите од иста област меѓусебно да се консултираат за тестовите, за есеите и за домашните работи; потреба од поголем простор и потреба секој кандидат да има свој компјутер поврзан со интернет. Предлозите и сугестиите на кандидатите потоа беа внимателно анализирани од страна на едукаторите и директорот на Академијата и истите ќе се имаат во предвид за во иднина.исто така, резултатите од евалуациите беа месечно разгледувани и од страна на

одделните едукаотрски тимови, при што по завршната евалуација ќе се побара од едукаторите вклучени во почетната обука да ги дадат своите предлози во правец на отстранување на недостатоците, слабостите во организирањето, во програмите а со цел за подобрување за следната генерација на кандидати.

## 2. КОНТИНУИРАНА ОБУКА

По завршување на секоја обука на учесниците им беше доделуван на пополнување евалуационен прашалник по кој беа оценувани повеќе сегменти на обуката, како организација, подготвеноста, стручноста на едукаторите, достапноста и корисноста на тренинг материјалите итн. По завршувањето на сите обуки за 2007 година, стручната служба на Академијата изврши обемна работа на сумирање и систематизирање на резултатите, оценките кои понатаму ќе се земат како основа за планирање на идните активности во поглед на подобрување на континуираната обука, намалување на слабостите во работењето, како навремено доставување на материјалите, збогатување на библиотеката, а пред се за одредување на содржината на идните обуки согласно искажаните во евалуацијата потреби на судиите, ЈО и другите корисници на услугите на Академијата, како и за унапредување на едукаторските способности и развивање на нивните наставни вештини.

## *НАДВОРЕШНА ОЦЕНКА НА СТРАНСКИ ЕСКПЕРТ*

Во рамки на Проектот КАРДС 2004 „Техничка помош за востановување на институт за обука на правосудството“ - фаза II, беше изготвена евалуација на работата на Академијата од страна на странски експерт, г.Bernard Menut. Коментарите и препораките на г. Menut се однесуваат на: потреба од посоодветни простории за сместување на Академијата, намалување на мануелното документирање на документите, планирање во поглед на обновување на едукаторите, регионален пристап во организирање на обуките од постојано стручно усовршување, месечна евалуација на едукаторите и менторите, поголема употреба на e-mail, наместо редовна пошта при доставувањето, промовирање на пријавување за обуки преку web страната, користење на excel при обработка на податоци и друго.

## *ЈАВНОСТ НА РАБОТЕЊЕТО*

Академијата за обука на судии и обвинители секојдневно обезбедува јавно и транспарентно информирање за своите активности преку својата web страна, огласна табла и објавувањето на актите на своето работење во „Службен весник на Република Македонија“. Најголем дел од информациите за работењето на Академијата се на web страната на Академијата, како: актите, организациониот состав, програми за обука, календари, и слично. Втората евалуација од истиот експерт ќе биде извршена во текот на септември 2008 година во рамките на КАРДС проектот.

Академија за обука на
судии и јавни обвинители

Претседател на Управен одбор,
Абдулаким Саљиу